Ст.бр.31/24

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, преку управителот Маја Велкоска, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија, превоз и услуги „ ГАГО Компани “ увоз–извоз ДООЕЛ Кичево, со седиште с.Добреноец Кичево “ увоз–извоз ДООЕЛ Кичево, по одржаната расправа, во присуство на адвокатотот полномошник на управителот и времениот стечаен управник Даниела Блажевска од Битола, на рочиштето одржано на ден 10.04.2025година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за производство, трговија, превоз и услуги „ ГАГО Компани “ увоз–извоз ДООЕЛ Кичево, со седиште с.Добреноец Кичево со ЕМБС 7388004 и ЕДБ 4012019517260, со жиро сметка број 240-330111406307 депонент на Универзална Инвестициона Банка, СЕ ОТВАРА стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението Универзална Инвестициона Банка да ја згаснат трансакционата сметка на должникот а доколку има средства на неа, истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот, поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 10.04.2025 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека сметката на должникот не е блокирана но дека на должникот му престои идна неликвидност.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 31/2024 од 10.04.2025 година.

Стечаен судија,
Иљаз Исмаили

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар.